ОКТА АД - Скопје
ул. 1 бр.25 Миладиновци, п.фах 66, 1000 Скопје
Тел: +389 (0) 2 2532 000 Факс: +389 (0) 2 2577 788

OKTA AD - Skopje
1 Str. 25 Miladinovci, P.O. Box 66, 1000 Skopje
Tel: +389 (0) 2 2532 000 Fax: +389 (0) 2 2577 788

www.okta-elpe.com

**СООПШТЕНИЕ**
**ОКТА објавува конкурс за практикантска работа во соработка со Машински факултет – Скопје**

Услови за аплицирање:

1. Студентот да биде во завршна година на студии од прв циклус или студент од втор циклус студии.
2. Студентот да биде од некој од следниве смерови: Енергетика и екологија; Автоматизација и управувачки системи; Индустриско инженерство и менаџмент; Материјали, заварување и конструктивно инженерство; Хидраулично енергетско инженерство; Термичко инженерство.
3. Студентот да поседува комуникациски вештини, алатки за решавање на проблеми, самоиницијативност, одлучност и желба за учење.
4. Студентот да има солидно познавање на Англиски јазик.
5. Студентот да има познавање на компјутерски вештини - Microsoft Office.

Број на практиканти: 2

Времетраење на пракса:
Практикантот ќе биде континуирано присутен на пракса во еден од следниве сектори: Технички услуги или Движење на нафтени деривати, во временски период од 3 месеци, со полно работно време, почнувајќи од 02.04.2018 год.

Обврска на практикантот:

- да достави потполнет документ за упатување на пракса од факултетот испечатен на официјалниот меморандум од факултетот и заверен со потпис и печат од студентската служба.
- континуирано да води дневник за текот на праксата.
- задолжителна редовност во компанијата за периодот на пракса.

Обврска на компанијата:

- да му обезбеди ментор на практикантот.
- да му обезбеди храна и превоз на практикантот за целото времетраење на праксата.
- да му издаде потврда за остварена пракса на студентот со потпис од овластено лице и печат од компанијата, заверена со архивски број.

Сите кандидати е потребно да испратат CV и копии од документи и уверенија кои потврдуваат дека кандидатот ги исполнува условите, на следниот контакт okta_career@helpe.gr.

Избраните кандидати ќе бидат повикани на интервју во просториите на ОКТА, по што ќе се направи финален избор на кандидати и ќе се потпише Договор за соработка со избраниот кандидат.

Огласот е отворен најдоцна до 21.03.2018год.